РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1573/2
17-06-2024 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 6-та седница одржана на ден 10.06.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата со број 12-1573/1 од 09.05.2024 година, со наводи за сомневање за манипулации и рекетарско однесување на одредени лица во текот на претседателските и парламентарните избори 2024 , **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување, поради тоа што во пријавата нема јасни и конкретни наводи кои укажуваат на прекршување на забраните во изборен период уредени со Изборниот Законик и Законот за спречување на корупција и судир на интереси, кои што треба да се испочитуваат од денот на распишување на изборите до денот на одржување на изборите. По пријавените наводи, друг орган има надлежност да постапува - ----------------------------------------.

Предметот со број 12-1573/1 од 09.05.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

На ден 09.05.2024 година од страна на познат подносител, поднесена е електронска пријава, која содржи наводи за сомневање за недозволиво и рекетарско однесување на одредени лица вработени во јавни државни институции во изборен период. Подносителот во пријавата наведува дека тенденциите за закани на одредени лица кои работат во државна администрација ги пријавил и во полиција. Имајќи го во предвид наведеното, очигледно е дека во пријавата не се внесени конкретни и јасни наводи за прекршување на одредбите од Изборниот Законик и Законот за спречување на корупција и судир на интереси.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај и утврди дека по пријавените наводи друг орган има надлежност да постапува - ---------------------------------------, а до кој веќе се обратил подносителот на пријавата.

Имајќи го предвид горенаведеното ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изработил: Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител
Одобрил: Б.Ц., член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk